До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на Агенцијата за филм на РСМ доставено е Барање за мислење, со кое се бара мислење во однос на тоа дали постои реален или потенцијален судир на интереси во следната ситуација:
Лице кое било ангажирано во Агенцијата за филм на РСМ со договор за извршување работни задачи во период кој вклучува и датум на поднесување на пријава на конкурс од страна на правно лице. Подоцна, истото лице е назначено за управител на правното лице кое поднело пријава и има активна постапка за реализација на проект финансиран од Агенцијата, по што во својство на управител лицето е предвидено да биде потписник на договорот со Агенцијата.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која **службеното лице** има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“
Согласно член 8 став (2) од истиот закон: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“
Согласно член 32 став (1) од Законот за филмската дејност е предвидено:
„(1) Директорот на Агенцијата, член на Советот, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и вработен во Агенцијата не може да учествуваат на конкурс на Агенцијата, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од Агенцијата.“

Лицето имало статус на службено лице кога имало засновано работен однос со Агенцијата и во тој период важела и забраната од член 32 став (1) од Законот за филмската дејност, но исто така, во тој период лицето не вршело функција на управител во правното лице кое поднело пријава на конкурс објавен од страна на Агенцијата. Во наведените одредби од Законот за филмската дејност е забрането и вработените лица да учествуваат во реализација на проект кој добил средства од Агенцијата, но лицето повеќе не е во работен однос со Агенцијата, по што не настанува прекршување на предвидените забрани од овој закон.

Од друга страна, во отсуство на документација, Државната комисија не може да констатира дали ќе биде прекршен член 47 став (2) алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето во оваа ситуација, односно би дошло до повреда на тие одредби доколку лицето учествувало на некој начин во постапката за одобрување на финансирање на проектот поднесен од правното лице.

Имено, согласно 47 став (2) алинеја 2 од Законот: „Службеното лице во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може:

- да застапува правно или физичко лице пред органот во кој вршел јавни овластувања во предмети за кои како службено лице учествувал во донесување на одлуки.“

Согласно се претходно наведено, Државната комисија смета дека лицето не претставува службено лице во моментот кога треба да го потпише договорот за реализација на проектот финансиран од Агенцијата од причина што не е работно ангажирана во Агенцијата, по што не постои судир на интереси во конкретната ситуација, освен ако истата учествувала во постапката за одобрување на финансирање на проектот поднесен од правното лице.

П
**Претседател,**

**Адем Чучуљ**